РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-93/8
11.11.2011 год.
СКОПЈЕ

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА
СКОПЈЕ
14.11.2011г.
Број 07-1047/1

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 3. седница одржана на 31.10.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## со кое се акредитира студиската програма за универзитетски студии од вториот циклус магистерски студии по Кинезиологија на Факултетот за физичка култура на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Се акредитира студиска програма за универзитетски студии од вториот циклус по Кинезиологија на Факултетот за физичка култура на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за вториот циклус магистерски универзитетски студии по **Кинезиологија**, во траење од една година ( два семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус, студентот се стекнува со научниот степен: **Магистер по кинезиологија**, научно-истражувачко подрачје: општествени науки (50402), научна област: повеќе области од наведеното поле, научно поле: кинезиологија .

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на втор циклус магистерски студии, како и Одлуката за усвојување на студиските програми за Кинезиологија од Сенатот на унивезитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.12-20/1 од 11.07.2011 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус магистерски студии, студиска програма по Кинезиологија.